ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

# ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ВО ОБЛАСТА НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ ЗА 2025

КРИВА ПАЛАНКА
2024 ГОДИНА

Врз основа на член 36 став( 1) точка 15 од Законот за Локална Самоуправа ( Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 14 став (1) од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21) и член 14, став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка (“Службен гласник на Општина Крива Паланка број 8/2010, 12/2010, 8/2014, 02/2018, 03/2019, 08/2021, 01/2023, 05/2023, 14/2023, 05/2024 и 09/2024), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 06.12.2024г. донесе

**ПРОГРАМА**
**За активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2025 година**

**Вовед**

Годишната програма за еднакви можности на Општина Крива Паланка за 2025 година е документ со кој се планираат годишните активности на општината на полето на еднаквите можности за жените и мажите за 2025 година.

Согласно член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 201/2015) програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Крива Паланка за 2025 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општественото живеење. Програмата за еднакви можности на Општина Крива Паланка ја следи Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 („Службен весник на РСМ“ бр. 170/2022) и Националниот акцисиски план за родова еднаквост 2022-2024, како и Родово одговорната стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка (2022-2027).

Сосема е погрешен впечатокот дека вклучувањето на родовата перспектива во креирањето на политиките, односно во стратешкото планирање е исклучително тешка и обемна задача што треба да ја работиме дополнително и паралелно со процесот на стратешкото планирање. Вклучувањето на родовата перспектива, како интегрален дел од процесот на креирање на политики, не е ништо повеќе отколку поширока и посеопфатна алатка за развој на политиките. Ваквиот пристап обезбедува дека во креирањето политики ништо не е заборавено или занемарено, туку се поставуваат вистинските прашања со цел да се осигураме дека ресурсите со кои располагаме како општина сме ги насочиле и искористиле на вистински начин, односно сме воделе грижа за сите членови на општеството.

Почитувајќи го принципот на еднакви можности, локалната власт во креирањето на политиките, стратегиите, програмите и проектите со вклучување на родовата перспектива придонесува за решавањето на многу развојни проблеми и донесува конкретни придобивки за општината, за поединците - жените и мажите, но и за општеството во целина.

Од тука произлегува и целта на оваа програма односно вклучување на родовата перспектива во секој сегмен на делување и надлежност на општината. Општината може преку своите надлежности и преку координација на КЕМ, интерсекторската група, координаторката и заменик координаторката за еднакви можности како и со многубројните локални фактори, да превзема конкретни акции во корист на половата еднаквост, намалување на нееднаквостите и промовирањето на вистинско еднакво општество.

Основна цел на овој програмски документ е да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на родовата рамноправност во општината. Постојат повеќе аргументи зошто политиките, програмите и проектите треба да бидат родово одговорни, а еден од нив е подобрување на квалитетот на живот каде при фокусирањето на родовата еднаквост истакнувањето на важноста на стабилните социјални релации и независноста на сите социјални

актери односно зајакнувањето на жените докажано го подобрува квалитетот на живот не само на жените, туку и на мажите и на семејствата, но и на општеството како целина.Главни предизвици во постигнување на родова еднаквост во општината се ниското ниво на економска активност на жените, ниското учество на жените во донесување на важни одлуки како и недостигот на родово разделена статитика во општината и во јавните институции.

Општина Крива Паланка **програмата** ќе ја реализира во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2025 година за конкретни намени, во соработка со различни здруженија на граѓани, институции и организации, кои работат на полето на родовата еднаквост.

Програмата ќе се спроведува во текот на 2025 година.

Согласно **Родово одговорната стратегија за одржлив развој на општина Крива Паланка (2022-2027,** во континуитет ќе ги насочиме активностите и интензивираме работата во 2025 година за унапредување на состојбата со родовата рамноправност во областа:

- **РОДОВО ОДГОВОРНО ПЛАНИРАЊЕ И БУЏЕТИРАЊЕ**

**I ЦЕЛИ**

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка за еднакви можности на жените и мажите за 2025 година се:

1. Вклучување на родовата перспектива, како интегрален дел од процесот на креирање на политики во стратешкото планирање и оперативно програмирање на локалните политики и буџетската алокација на средства.
2. Промоција на родовата еднаквост, како вредност преку информативни кампањи, настани, манифестции како и јакнење на локалните капацитети (КЕМ, интерсекторската група општинската администрација, НВО и други засегнати страни)
3. Публикација на активности и материјали за родова рамноправност на локално ниво;

За реализација на целите на Програмата, Општина Крива Паланка ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Ќе соработува со сите чинители (организации, институции и поединци) и засегнати страни за унапредување на родовата рамноправност на локално ниво, вклучително граѓанските организации кои и ќе бидат еден од главните партнери во реализацијата на активностите.

**III МЕТОДИ НА РАБОТА**

Основни методи кои ќе бидат користени во реализација на активностите се:

- **Работни средби** –Организирани за координација помеѓу КЕМ, Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање , Градоначалникот (општинската администрација) и другите партнери во реализација на активностите (експерти од одредени области, НВО-и, целни групи на граѓани и др.) кои ќе учествуваат во имплементацијата на активностите;

- **Дискусионо обучувачки методи** – ќе бидат користени во рамките на спроведување на обуките, предавањата, советувањата и сл. согласно активностите. Во формата на обуките,

предавањата,  советувањата и сл. ќе се користат современи образовни технологии, аудио визуелни и мултимедијални образовни продукти во зависност од новонастанатата ковид ситуација  и функционирање во услови на епидемија.

- **Истражувачко аналитички методи-** ќе се користат при и по анализа на  постигање на целите. Приоритетно ќе се применуваат методите на анализа, собирање, анализирање и систематизирање на информацијата (интервјуа и анкети со целните групи);

- **Информативно промотивни –** овој тип на метод ќе се користи при дистрибуцијата и презентирањето на рекламните и пропагандните материјали, организацијата на обуките, предавањата, советувањата и други потреби  согласно содржината на активностите;

- **Правни** – ќе се користат при планирањето на програмско оперативните активности согласно законските надлежности на општината.

- **Финансиско сметководствени методи** – ќе се користат во процесот на подготовка на буџетите за секоја активност поединечно,  периодичните и финалните финансиски извештаи за реализација на активностите;

**IV ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите ќе се реализира со средства  од Буџетот на Општина Крива Паланка.

**V. МОНИТОРИНГ  И ЕВАЛУАЦИЈА**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Крива Паланка и Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање  ќе го следат текот и динамиката на спроведување на Програмата  и ќе даваат свои оценки како и предлози за неопходни промени се со цел постигнување на утврдените цели.

До Советот на Општината, Градоначалникот и Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика  од страна на координаторот за еднакви можности на жените и мажите  ќе биде доставен годишен извештај  за имплементација на активностите и реализацијата на целите, со тоа во делот на евалуацијата се вклучува и Секторот за еднакви можности при Министерството  за  труд и социјална политика.

**Изготвил:**

**Координаторка за еднакви можности**
**Гордана Ристовска**

**Бр. 09 – 6043/19**
**06.12. 2024  год.**
**Крива  Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела  Павловска**

## II АКТИВНОСТИ 2024

Во контекст на дефинираните цели, активностите најмногу се насочени кон:

- Родово сензибилизирано планирање и буџетирање на локално ниво;
- Јакнење на локалните капацитети ( КЕМ, локална администрација , НВО) со цел подигање на повисоко ниво на родова рамноправност во заедницата;

Во текот на 2025 година во Општина Крива Паланка се планира да се реализираат следните активности од доменот на еднаквите можности.

| **Буџетска програма: РОДОВА ЕДНАКВОСТ X10** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **ЦЕЛ:** Вклучување на родовата перспектива, како интегрален дел од процесот на креирање на политики во стратешкото планирање и оперативно програмирање на локалните политики и буџетската алокација на средства. | | | | |
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **1.1 Обезбедување на одржливост на вклучувањето на родовата перспектива во стратешкото планирање на локалните политики, плански и развојни документи на општината** | 1.1.1 Анализа од родов аспект на постојните плански и развојни документи во општината;<br>1.1.2 Објавување извештаи за РОБ, објавување извештаи за напредокот и спроведувањето на програмите со посебен акцент на резултатите поврзани со унапредувањето на родовата еднаквост<br>1.1.3 КЕМ – зголема аналитичка активност на КЕМ и нејзината улога и моќ во одлучувачките процеси во локалната заедница во делот на, одобрувањето и усвојување на родово сензибилизирани локални политики и плански и развојни документи; | Континуирано 2025 | Усвојување на родово одговорни политики со акцент на родово сензитивни, специфични и трансформативни политики<br>Број на родово сензибилизирани стратешки и развојни документи на општината | Координаторката и заменик координаторката за еднакви можности на жените и мажите<br>- Интерсекторска работна група за родово одговорно, стратешко планирање и буџетирање<br>-Градоначалник<br>-Општинска администрација<br>- КЕМ | Нема буџетски импликации |
| **1.2 Родово одговорно буџетирање на локално** | 1.2.1 Вклучување на родовиот концепт во процесот на креирање | Октомври | - Поправиччна алокација | - Интерсекторска работна група за | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ниво преку родово сензитивно планирање на расходите во оперативните годишни буџетски програми на општината за 2025 година.** | на буџетот, локалните политики, оперативни буџетски програми и проекти во општината.<br>1.2.2 Реализација на родово одговорен буџетски форум.<br><br>(Интерсекторската работна група за стратешко планирање и буџетирање и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (КЕМ) при Советот на Општина Крива Паланка ќе ги разгледува развојните планови и други акти и предлог-одлуките пред да бидат усвоени од Советот на Општината и за истите ќе доставува мислење и препораки, а воедно ќе учествува и во креирањето на стратешките документи за Општината согласно Законот.) | Ноември 2025 | на финасиските средства во општината водејќи подеднакво сметка за потребите и на жените и на мажите, и на децата и на пензионерите, и на младите и старите.<br><br>- Транспарентно, отчетно, законито, и инклузивно, креирање на локалните политики и буџетски програми заедно со граѓаните.<br><br>- Подигнато на повисоко ниво родовото одговорно планирање и распределување на средствата, што ќе продуцира поголема транспарентност и одговорност на локалниот/ општинскиот буџет од аспект на родовата рамноправност | родово одговорно, стратешко планирање и буџетирање<br><br>- Координаторката за еднакви можности на женит и мажите<br><br>-Комисијата за еднакви можности<br><br>-Градоначалник<br><br>-Општинска администрација | **50 000,00** |
| **Вкупно** | | | | | **50 000,00** |
| **2** | **ЦЕЛ:** Промоција на родовата еднаквост, како вредност преку информативни кампањи, настани, манифестции како и јакнење на локалните капацитети (КЕМ, интерсекторската група општинската администрација, НВО и други засегнати страни) | | | | |
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / Индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **2.1 Едукација за промовирање и унапредување на еднаквите можности на жените и** | 2.1 Учество на семинари, работилници, панел дискусии и округли маси поврзани со правото на еднаквите можности за сите.<br>2.2 Зајакнување на локалната | Континуирано 2025 | Зајакнати и оспособени капацитетите и знаењата на локалната власт и локалната заедница, што ќе резултира со повисоко | -Комисијата за еднакви можности | **70000,00** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **мажите**<br><br>**2.2 Одбележување на меѓународни датуми** | машинерија за еднакви можности преку средби, состаноци и соработка со НВО и локални бизниси<br>2.3 16 дена Активизам против родово базирано насилство<br>2.4 Одбележување на меѓународниот ден за борба против ракот<br>2.5 Светски ден на дијабетис<br>2.6 Мовембер месец на машкото здравје<br>2.7 Работилница за жртви на родово базирано насилство и семејно насилство | 4 Февруари<br><br>14 Ноември<br><br>Ноември<br><br>Февруари-Март | ниво на родова рамноправност во заедницата<br><br>Организирана трибина и број на учесници разделени по пол | -Координаторка за ЕМ<br><br>-Заменик Координаторка за ЕМ<br><br>-Градоначалник<br><br>**- НВО** | |
| **Вкупно** | | | | | **70000,00** |
| **3** | **ЦЕЛ:** Публикација на активности и материјали за родова рамноправност на локално ниво | | | | |
| **Задача** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати / Индикатори** | **Носител на активноста** | **Буџет мкд** |
| **Дисеминација на информации и материјали за еднакви можности** | 3.1 Публицирање на информации преку дистрибуција на печатени материјали во општинскиот центар за услуги, веб страната на општината и други форми на дисеминација на информации<br>. | Континуирано 2025 | Обезбеден пристап до информациии за родова статистика и родов аеднаквост во локалната заедница | -Интерсекторска работна група за родово одговорно, стратешко планирање и буџетирање<br>-Градоначалник<br>- КЕМ | **15000,00** |
| **Вкупно** | | | | | **15000,00** |
| **СЕ ВКУПНО** | | | | | **135 000,00** |